## АКТУЕЛНО


И Миле Јанакиески на распит во СЈО


ВМРО-ДПМНЕ: Самопрогласените реформатори лажат


Конзервативците во Британија го загубија апсолутното мнозинство

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА | период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

0.00 % OHB 5,008.67 0.51 % REPL 45,000.00 2.27 % RMDEN15 94.10 0.11 % RZUS 120.48 2.97 % STB 958.67 -0.14 % STBP 710.00 1.95 % STIL 100.00 3.49 % TEL

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

КУЛТУРА

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

12.10.2009, 15:15

# ВО ИСТРА СЕ ПРЕТСТАВИЈА АРСОВСКА И КУНОВСКА




**Двете уметници реализираа самостојни изложби во Грожњан и во Риека**

**Катерина Богоева**

Македонските ликовни уметници Мирна Арсовска и Јана Куновска во август и септември презентираа дел од своето творештво во хрватска Истра, на самостојни изложби што произлегле од соработката со ликовниот уметник, куратор и организатор, Еуген Борковски во 2008 година. Двете авторки по негова покана тогаш учествувале на ликовната колонија/симпозиум во познатата оаза на уметниците, Грожњан, а сега освен во оваа позната оаза на уметниците, изложувале и во Риека. Борковски велат, им ја дал очекуваната поддршка откако претходно го видел нивното творештво. Им оставил слобода самите да го направат потребниот избор на делата, советувајќи ги дека „помалку значи повеќе“.

Впечатоците од гостувањето на авторките во Хрватска( каде според одгласите во земјава, постои позитивна клима во „новата“ соработка), се мошне позитивни.

„Во Грожњан во 2008 година се запознавме со уметниците – учесници и гости од организацијата „Грожњанскиот круг“, од Хрватска, Србија, Босна, Словенија, Италија. Повеќето од нив, покрај преку ликовната активност, меѓусебно се поврзани и во арт организации слично како кај нас. Така, Јана при повторното гостување, заедно со Арт здружението „Артерија“ ја организираше втората изложба во галеријата „Палач“ во Риека. Инаку најголем „двигател и вмрежувач“ на контактите е Еуген. Покрај тоа што е куратор во Градската галерија „Фонтикус“ во Грожњан, тој е и организатор на тематски изложби што концептуално ги осмислува и на кои конкурираат уметници по негова покана“ - посочува Мирна Арсовска. По Грожњан, нивните изложби патуваат во неколку хрватски галерии („Звонимир“ во Загреб, „Салон на уметнички дела „Галич“ во Сплит, и др.), а се подготвуваат

Електронско издание


Утрински весник
Крвава ноќ во Македонија

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ОДЛОЖЕНА ДЕНЕШНАТА ЈАВНА СЕДНИЦА ЗА "МОНСТРУМ"
- ЗАМРЗНАТА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА НЛБ
- ГЕРМАНИЈА ЗАГУБИЛА НАД 30 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ОД ФИНАНСИСКИ МАНИПУЛАЦИИ
- СКОПСКА АПЕЛАЦИЈА ЈА ПРИФАТИ ЖАЛБАТА НА СЈО ЗА ГАРАНЦИЈАТА НА КОЧАН
- ОД 1 ЈУЛИ ПОНИСКИ ЦЕНИ ЗА РОАМИНГ СО СРБИЈА, ЦРНА ГОРА И БИХ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

26° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Облачно

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 27 | 22 | 25 | 28 | 28 |

| ЧЕТ | ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН |
|---|---|---|---|---|
| 28 | 28 | 26 | 24 | 24 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Скопска Апелација ја прифати жалбата на СЈО за гаранцијата на Кочан
- Посвоените деца да знаат која е нивнта биолошка мајка
- ВМРО-ДПМНЕ: Самопрогласените реформатори лажат

и за гостувања во Босна и Херцеговина, Македонија и Франција.

И Јана Куновска ја потврдува хрватската отвореност за соработка и во доменот на визуелните уметности. Вели дека постои желба да се соработува, отворени порти и желба за нови презентации, сериозно завземање кон презентацијата на делата и самата тематика.„Постои почит и претставување на уметникот и неговото дело со предходна анализа на идејата“.

Арсовска за изложбата направила „компилација“ од повеќе дела, претходно изложени во Скопје, Битола, Јокохама. „Фото пејсажот е дисторзирана, блурирана слика на шума со флеки од печатарска боја, а видеото - монотоно, медитативно движење на камерата низ шума со снег. Презентирав и дрвени скулптури / мобили кои ги доживувам како еден вид „соработка/производ“ на природата и човековата деструктивна акција. Тие се алегорија на „нивната свесност за сопствена модификација со разновидни протези и екстензии инспирирани од достигнувањата на технологијата и цивилизацијата, насочени кон опстанокот, активноста, практичноста и мобилноста”.

Таа го опишува Грожњан, градот на уметноста кој датира од шеесетите години на минатиот век, како мал град, малку поголем од замок во кој во поголемиот дел од годината „врие“ од квалитетни и посетени уметнички случувања од областа на ликовната уметност, музиката, перформансот, театарот, модата и слично.

„Поради тоа и имавме постојано публика на изложбите“ Таа традиција се одржува и негува со децении. Настаните од областа на современата ликовна уметност се организирани од градската галерија „Фонтикус”. Риека пак е нешто друго. Град со андерграунд-панк позадина. Во него се наоѓа и Академија за применети уметности и Музеј за модерна и современа уметност. Со својот урбан контекст и неоптовареност со состојбата на главен центар, Риека ги привлекува уметниците да ја одберат за свое живеалиште. Сликата за неа е „пејсаж на град со поглед на море и контури на бродоградилиште”. Сето ова се отсликува и на уметничката сцена“ вели Мирна Арсовска.

Во организација на оваа презентација учествувале од македонска страна Музејот на град Скопје и Министерството за култура, а вреди да се забележи дека сеуште на веб-страниците: www.arterija.hr, http://www.akademija-art, http://www.net.hr и http://www.culturenet.hr. можат да се прочитаат впечатливите текстови за ова нивно претставување.

Статијата е прочитана 1649 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Изложба на Кичевска колонија во Кинотека**
**Инсталации и објекти од прилепски скулптор**
**Ревија на кратки македонски филмови во Кинотека**
**Европејците против дигитализација на книгите**
**УНЕСКО ќе ја поддржи 2. Конференција за дијалог меѓу религиите**

Утрински весник / По...
57,480 likes
Like Page
Share
137 friends like this

Deutsche Welle
Орбановата „либерална демократија“ - сива зона меѓу демократијата и автократизмот
САД: Евреи сакаат да станат Германци
Трамп и бајките за германските автомобили